РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**Август 2010 година**



**Скопје, октомври 2010 година**

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

### Август 2010 година

- Пад на индексот на индустриското производство во август 2010 година во однос на истиот месец од претходната година од 1,5%;
- Годишен раст на општото ниво на цени од 1,9% и месечно ниво инфлацијата од 0,1%;
- Раст на физичкиот обем на извозот во периодот јануари-август 2010 година за 8,8%, што претставува значителен вредносен номинален раст од 22,9% во однос на истиот период минатата година. Растот на увезените количини на стоки изнесува 7,2%, со вредносен номинален раст од 9%;
- Поголемо остварување на вкупните приходи на Централниот буџет за 4% (12,5% од БДП) и незначително зголемување на вкупните расходи за 0,1% (13,6% од БДП) во периодот јануари-август 2010 година во однос на истиот период лани;
- Понатамошно интензивирање на динамиката на раст на вкупните кредити кон приватниот сектор, со стапка од 7,1% на годишна основа, со истовремено зголемување на вкупниот депозитен потенцијал на банките за 13,5%;
- Намалување на бројот на регистрирани невработени лица во август за 1.927 лица во одос на претходниот месец, при што истиот изнесува 326.154.

## 1. Реален сектор

**1.1 Индексот на индустриското производство во август 2010 година во однос на истиот месец од претходната година забележа пад од 1,5%.**

Анализирано по сектори, секторот **Вадење на руди и камен** забележа раст од 4,3% на годишно ниво, додека секторот **Преработувачка индустрија** забележа пад од 1,9%, а секторот **Снабдување со електрична енергија, гас и вода** забележа минимален пад од 0,2%.

Во рамки на преработувачката индустрија, позитивен годишен раст е регистриран кај 50% од гранките, при што раст е забележан кај две од трите гранки со двоцифрено учество во структурата на индустриското производство. Така, раст е остварен кај Производството на основни метали од 11,7% и Производството на прехранбени производи и пијалаци од 8%, а кај Производството на облека забележан е пад од 5,8%.




Најголем позитивен придонес во годишниот раст на индустриското производство има Производството на тутунски производи (2,9 процентни поени), а најголем негативен придонес има Производството на метални производи во металопреработувачката фаза (1,8 процентни поени).

Индексот на индустриското производство во август 2010 година во споредба со претходниот месец забележа пад од 2,2%.




Десезонираниот месечен раст на индустриското производство во август 2010 година изнесува -0,6%.

На кумулативна основа, во периодот јануари-август 2010 година, индексот на индустриско производство во однос на истиот период од претходната година забележа намалување од 3%, што претставува подобрување на кумулативната стапка на раст, која во периодот јануари-јули 2010 година изнесуваше -3,3%.

Според оценката на раководителите на претпријатијата, економската состојба на претпријатијата во август 2010 година е поповолна во однос на претходниот месец. Оценката за обезбеденоста на производството со

поречки, исто така е поповолна во однос на претходниот месец. Обемот на производство на деловните субјекти во август 2010 година бележи мал пад во споредба со јули, додека очекувањата за обемот на производство во наредните три месеци се неповолни, како и очекувањата за бројот на вработени.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во август 2010 година во однос на претходниот месец е зголемено и изнесува 61,3% од нормалното искористување.

Според раководителите, најголемо влијание на ограничувањето на обемот на производството во август 2010 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 22,2%, недоволната домашна побарувачка со 16,2%, финансиските проблеми со 12,3% и неизвесното економско окружување со 11,8%.

**Вкупниот број на работници во индустријата во август 2010 година во споредба со август 2009 година забележа намалување од 1,9%.**

Секторската анализа покажува намалување на стапката на пад на бројот на работници во секторот Вадење на руди и камен, при што истата се спушти на ниво од -0,4%. Намалување на стапката на пад е забележано и во Преработувачката индустрија и истата изнесува -2,1%, како и во секторот Снабдување со електрична енергија од -1%. Генерално, најголем годишен пад сеуште регистрира Преработувачката индустрија, а најмал е падот кај секторот Вадење на руди и камен.

На **кумулативна основа**, бројот на работници во индустријата во првите осум месеци од 2010 година забележа намалување од 5,9%, што претставува благо намалување на стапката на пад (во периодот јануари-јули истата изнесуваше -6,4%). Намалувањето во секторот Вадење на руди и камен изнесува 4,9%, во Преработувачката индустрија 6,4%, а во секторот Снабдување со електрична енергија, гас и вода 1,7%.

**1.2. Во август 2010 година цените на производите за лична потрошувачка, мерени преку индексот на трошоци на живот се повисоки за 1,9% во однос на истиот месец од претходната година**.

Растот на општото ниво на цени се должи најмногу на зголемувањето на цените во категоријата Домување од 5,5%, како последица на растот на цените за Огрев и осветление за 9,5%. Раст на цените е забележан и во категориите Култура и разонода од 3%, Сообраќајни средства и услуги од 2,8%, Облека и обувки 1,2%, Исхрана 1% и Ресторани и хотели 0,7%. Пад на цените е забележан во категориите Тутун и пијалаци 0,3% и Хигиена и здравје од 0,1%.




Индексот на трошоците на

живот во август 2010 година во споредба со јули 2010 година е повисок за 0,1%.

Вредноста на потрошувачката кошница за исхрана и пијалаци за четиричлено домаќинство за август 2010 година, пресметана врз основа на цените на мало, изнесува 11.891 денари и во однос на претходниот месец е на исто ниво.

Индексот на цените на мало во август 2010 година забележа зголемување од 2,5% во однос на август 2009 година.

**1.3. Во август 2010 година на светските берзи имаше месечно зголемување на цените на металите, додека цената на природниот гас забележа пад.**

Во август цената на нафтата на светските берзи се зголеми за 2,6% во однос на претходниот месец и достигна вредност од 76,7 долари за барел. Споредено со август претходната година, цената на нафтата е зголемена за 5,8%.

Во рамки на металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, забележа месечно зголемување на цената од 9,7% и достигна ниво од 21,413 долари за еден метрички тон ($/мт). Исто така, споредено со август претходната година цената на никелот е повисока за 9%. Раст на цените на месечно ниво беше забележан и кај цинкот од 10,9%, бакарот 8,2%, алуминиумот 6,3% и златото 1,9%.




## 2. Надворешен сектор

**2.1. Во периодот јануари-август 2010 година вкупната надворешно-трговска размена (изразена во евра) бележи раст од 13,8% во однос на истиот период минатата година.**

Притоа, физичкиот обем на извозот се зголеми за 8,8%, а неговата вредност изнесува 1.526,4 милиони евра, што претставува значителен раст од 22,9% во однос на истиот период минатата година. Зголемувањето на увезените количини на стоки изнесува 7,2%, а нивната вредност оствари износ од 2.561,4 милиони евра или пораст од 9%.



| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2009 | I-VIII-2010 | Салдо 2010-2009 | Стапки во% |
| 000Т | 231,7 | 215,1 | -16,6 | -7,2 |
| Мил. ЕУР | 87,6 | 108,6 | 21,0 | 24,0 |
| Мил.$ | 119,5 | 142,3 | 22,8 | 19,1 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2009 | I-VIII-2010 | Салдо 2010-2009 | Стапки во% |
| 000Т | 929,3 | 788,1 | -141,2 | -15,2 |
| Мил. ЕУР | 288,4 | 343,9 | 55,5 | 19,2 |
| Мил.$ | 391,5 | 449,5 | 58,0 | 14,8 |

*)Претходни податоци

При вакви движења ***дефицитот*** во размената остварен до крај на август изнесува 1.035 милиони евра, што претставува стеснување на годишно ниво за 6,6% (73,3 милиони евра), а се објаснува со поинтензивниот раст на извозот (22,9%) од увозот (9%). Анализирано од аспект на салдата, намалувањето на негативното салдо на размената е резултат на комбиниран ефект од намаленото негативно салдо на размената на останата транспортна опрема, индустриски машини и делови, погонски машини и уреди и производи за храна, како и прошириното позитивно салдо во размената со железо и челик и нивни производи и метална руда и метални отпадоци. Ваквите движења условија и подобрување на степенот на покриеност на увозот со извоз во првите осум месеци, кој изнесува 59,6%, што претставува годишно подобрување за 6,7 п.п..

**2.2. Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во првите осум месеци од 2010 година се: железо и челик 23,4%, облека 17,9%, нафта и производи од нафта 7,1%, метална руда и метални отпадоци 6,7%, пијалоци и тутун 6,6%, и овошје и зеленчук 5,1%.** Овие шест групи производи сочинуваат 66,2% од вкупниот извоз на државата.




Најголем дел од кумулативниот увоз на стоки во осумте месеци отпаѓа на: нафта и производи од нафта (343,9 мил. евра, 13,4%), друмски возила (199,2 мил. евра, 7,8%), текстилни предива и слично (188,9 мил. евра, 7,4%), железо и челик (174,2 мил. евра, 6,8%), електрични машини, апарати и делови (82,1 мил. евра, 3,2%) и друго.

**2.3.** Гледано по региони, во периодот јануари-август од 2010 година, при значително подобрена трговска размена со Европската унија (ЕУ 27) во однос на истиот период минатата година за 18,5%, учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно-трговска размена



бележи позитивно поместување за 2,2 п.п. и изнесува 55,5%, при што извозот на стоки учествува со 61% и увозот на стоки со 52,2%. Извозот во Европската Унија бележи значајно позитивно поместување од 33,4%, а увозот бележи раст од 10% во однос на истиот период од 2009 година.

Во периодот јануари-август од 2010 година, 86% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во трговската размена со Русија, Кина, Турција, Велика Британија, Србија, Грција, Словенија, Италија, Украина и Романија, додека истиот беше корегиран со остварениот суфицит во размената со Косово, Белгија, Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Бугарија, Шпанија и други.

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2009 | I-VIII-2010 | Салдо 2010-2009 | Стапки во% |
| 000Т | 389,1 | 465,4 | 76,3 | 19,6 |
| Мил. ЕУР | 231,7 | 357,3 | 125,6 | 54,2 |
| Мил.$ | 314,0 | 466,2 | 152,2 | 48,5 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2009 | I-VIII-2010 | Салдо 2010-2009 | Стапки во% |
| 000Т | 333,2 | 386,9 | 53,7 | 16,1 |
| Мил. ЕУР | 130,2 | 174,2 | 44,0 | 33,8 |
| Мил.$ | 176,4 | 229,1 | 52,7 | 29,9 |

*)Претходни податоци

**2.4. Анализирано по економска намена, во периодот јануари-август 2010 година, значителен раст на извозот е забележан кај индустриските производи за 42,8% или за 222 милиони евра споредено со истиот период минатата година.** Извозот на производите наменети за енергија е зголемен за 40,7% или за 36,4 милиони евра. Слични тенденции се забележуваат и кај увозот, каде индустриските производи забележаа значителен раст од 202 милиони евра или 24% и изнесуваат 1.018,2 милиони евра, додека вредноста на увезените производи наменети за енергија во анализираниот период изнесува 420,5 милиони евра, што претставува пораст од 9,2% или 35 милиони евра. Пад од 0,5% беше забележано кај увозот на производите наменети за лична потрошувачка, што секако претставува позитивно движење во однос на структурата на увозот.

**2.5.** Гледано по валутна структура, 73,4% од надворешно-трговската размена во осумте месеци од 2010 година е реализирана во евра и во однос на истиот период 2009 година претставува намалување од 3,9 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 77,2% и 71,1%, соодветно и во однос на истиот период лани застапувањето на еврото во размената бележи намалување и кај извозот и кај увозот за 5,3 п.п. и 3,3 п.п., соодветно.

**НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКА РАЗМЕНА НА Република Македонија (по валути ); пресметка: МФ**
**- по валути -**

| **извоз** | I-VIII 2009 | | | | | I-VIII 2010 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 1.528 | 1.025.529.532 | 61,3242 | 62.889.778.126 | 82,5 | 1.677 | 1.176.772.229 | 61,4806 | 72.348.662.702 | 77,2 | 151.242.697 | 14,7 |
| УСД | 400 | 285.296.774 | 45,3361 | 12.934.243.076 | 17,0 | 420 | 448.087.694 | 46,6496 | 20.903.111.690 | 22,3 | 162.790.920 | 57,1 |
| ЕУР+УСД | 1.928 | | | 75.824.021.202 | 99,5 | 2.097 | | | 93.251.774.392 | 99,6 | | |
| вк извоз: | 1.932 | | | 76.217.654.975 | 100,0 | 2.101 | | | 93.658.800.119 | 100,0 | | 22,9 |

Извор:Државен завод за статистика и НБРМ

# 3. Фискален сектор

**3.1. Во првите осум месеци во 2010 година, вкупните приходи на Централниот буџет по втор пат годинава се повеќе остварени и изнесуваат 53.884 милиони денари (12,5% од БДП), што претставува поголемо остварување за 4,0% во однос на истиот период минатата година.**




Даночните приходи во овој период се реализирани во износ од 47.218 милиони денари, и веќе по трет пат годинава имаат поголемо остварување што изнесува 3,9% во однос на истиот период минатата година.

Учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во првите осум месеци од 2010 година е доминантно и изнесува 52,6%, а на акцизите 19,4%, при што, од овие два даноци се остварени приходи од 33.982 милиони денари, односно 72,0% или речиси 3/4 од вкупните даночни приходи (7,9% од БДП). Гледано по одделни категории на даноци приходите од персоналниот данок се остварени со речиси идентичен износ како во истиот период 2009 година. Приходите од ДДВ забележаа рекорден раст од 12,3%, додека акцизите забележаа поголемо остварување за 0,9%. Најголем пад од 29,9% оствария приходите од данокот на добивка (значителен е падот по основ на месечни аконтации, бидејќи во 2009 година аконтациите во првите два месеци се плаќани на добивката од 2007 година која се оданочуваше, додека во 2010 година поради изменета регулатива се плаќа само на непризнаените расходи утврдени со Даночниот биланс за 2008 година), а приходите од царина се остварени помалку за 6,1%, споредено со истиот период лани. Неданочните приходи се зголемени за 4,4% во однос на истиот период минатата година, главно поради уплатата на дивидендата од Телеком во износ од 2.503 милиони денари.

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште и станови се оствария во износ од 748 милиони денари.

Социјалните придонеси од плата во овој период се остварени во износ од 24.997 милиони денари (придонеси по основ на пензиско и инвалидско осигурување 16.959 милиони денари, придонеси за здравствено осигурување 6.965 и придонесите за вработување 1073 милиони денари), што е пониско за 0,2% од планот за 2010 година, односно 1,0% помалку во споредба со претходната година.

**3.2. Во периодот јануари-август 2010 година, вкупните расходи на Централниот буџет изнесуваат 58.421 милиони денари (13,6% од БДП), што е речиси исто, односно повеќе за незначителни 0,1% во однос на истиот период од 2009 година.**

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи (51.366 милиони денари) учествуваат со 87,9% и се помали за 1,1% во однос на истиот период лани, додека капиталните расходи забележуваат учество од 12,1%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки се трансферите (29.167 милиони денари), а втори по големина се платите и надоместоците (14.175 милиони денари). Во вкупните расходи на Централниот буџет, расходите за плати и надоместоци во овој период учествуваат со 24,3% и во однос на истиот месец лани се зголемени за 1,4%.

Расходите за стоки и услуги се извршени во износ од 6.015 милиони денари, односно имаат значително помало остварување во споредба со 2009 година, односно за 16,7%.

Во делот на трансферите, во овој период се потрошени помалку средства за 1,1% споредено со истиот период 2009 година и претставуваат најголема расходна ставка, односно тие се половина од вкупните расходи (учествуваат со 49,9% во вкупните расходи (6,7% од БДП). Ваквото остварување се должи во дел и на фактот дека во дотациите до единиците за локална самоуправа се трансферира дел од данокот на додадена вредност, а се зголемува и бројот на единици за локална самоуправа кои преминаа во втората фаза на децентрализација, при што се исплаќаат блок дотациите на 74 општини за финансирање на пренесените надлежности (средствата за исплата на плати и надоместоци на вработените во локалните јавни установи и материјалните трошоци). Исто така, значаен дел од средствата за трансфери се наменети за субвенции во земјоделството. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се извршени во износ од 9.482 милиони денари или за 136 милиони денари помалку (1,4% намалување).

Каматите се реализирани во износ од 2.009 милиони денари, што е повеќе за 60,0% во споредба со истиот период во 2009 година. Ваквото зголемување е главно поради исплата на доспеани обврски за камати за втората еврообврзница во месец јули.

Во анализираниот период средствата за капитални расходи изнесуваат 7.055 милиони денари, што претставува зголемување за 10,2% во споредба со истиот период во 2009 година и претставуваат 1,6% од БДП.

**3.3. Оттука во првите осум месеци од 2010 година остварен е дефицит на Централниот буџет од 4.537 милиони денари (1,1% од БДП), додека дефицитот на консолидираниот буџет е 5.409 милиони денари и претставува 1,3% од БДП.**

## 4. Монетарен сектор

**4.1. Во август 2010 година примарните пари[1] забележаа забавен раст од 10,9% на годишна основа (раст од 11,3% во јули), во услови на забавен раст**

[1] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вкучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

**на вкупните ликвидни средства на банките од 11,7% и раст на готовите пари во оптек[2] од 9,9%.**

Во однос на јули, примарните пари забележаа раст од 0,9%, како резултат на растот на вкупните ликвидни средства на банките од 3,1%, додека готовите пари забележаа пад од 2,1%.

Народната банка во август 2010 година, во услови на пораст на девизните резерви, ја намали каматната стапка на благајнички записи за 0,5 п.п., односно од 5,0% на 4,5%. Паралелно со намалувањето на каматната стапка на благајничките записи, намалена беше и каматната стапка на кредитите на НБРМ преку ноќ (ломбардните кредити) од 6,5% на 6,0%.

**4.2. Вкупниот депозитен потенцијал на банките[3] во август 2010 година забележа месечен раст од 2,2% (наспроти падот од 2% во јули), движен главно од растот на депозитите на приватните претпријатија од 4,9%. Депозитите на секторот на домаќинствата се повисоки за 1% во однос на минатиот месец. Според валутата, по падот од минатиот месец, денарските депозити бележат висок раст од 3,5% на месечна основа, со што остваруваат голем придонес во растот на вкупните депозити, додека девизните депозити се повисоки за 1,1%.**




На годишна основа, вкупните депозити се зголемија за 13,5% (наспроти 14% во јули 2010 година), при што од секторски аспект зголемувањето главно беше резултат на порастот на депозитите на домаќинствата (придонес од 89%). Имено, депозитите на домаќинствата остварија пораст од 18,5%, додека депозитите на претпријатијата се повисоки за 1,4%. Анализирано според валутата, денарските депозити забележаа висок раст од 19,5%, додека девизните депозити продолжија да го забавуваат растот до 8,4%.

**4.3. Во август 2010 година вкупните кредити кон приватниот сектор бележат пораст од 0,8% на месечна основа (0,5% во јули).** Растот, во голема мера, беше движен од зголеменото кредитирање на претпријатијата од приватниот сектор од 0,8%. Исто така, кредитите насочени кон домаќинствата забележаа засилен раст од 0,8%. Според валутата, денарските пласмани во однос на минатиот месец се повисоки за 0,5%, додека девизните депозити наспроти падот од 1,1% во јули, бележат висок раст од 1,8% во август 2010 година.

**На годишна основа, продолжи забрзаниот раст на вкупните кредити, при што годишната стапка на раст изнесува 7,1%, (наспроти 6% во јули).**

[2] Вклучува и готовина во благајна на банките.

[3] Почнувајќи од јануари 2009 година депозитите вклучуваат пресметана камата.

Доминантен придонес во растот, од секторски аспект, имаше кредитирањето на секторот на приватните претпријатија, кое е зголемено за 9,5% а забрзан раст се забележа и на кредитирањето на домаќинствата од 3,7%. Од валутен аспект, денарските кредити бележат годишен раст од 5,1%, додека девизните кредити продолжуваат да остваруваат висок раст, од 14,1%.

**4.4. Во август 2010 година не се забележуваат позначителни промени во каматните услови на банките во однос на јули.** Имено, просечната пондерирана каматна стапка на денарските кредити е непроменета во однос на изминатиот месец и изнесува 9,2%. Во однос на август 2009 година просечната пондерирана каматна стапка на денарските кредити забележа намалување од 1 п.п. Просечната каматна стапка на девизните кредити, исто така е непроменета на месечна основа и изнесува 7,4%, додека на годишна основа истата забележа намалување од 0,2 п.п.

Каматната стапка на денарските депозити во август 2010 година изнесува 7,0%, што на месечна основа претставува пад од 0,1 п.п., додека во однос на претходната година претставува пад од 0,2 п.п. Просечната каматна стапка на девизните депозити во однос на јули е непроменета и изнесува 3% додека во однос на истиот месец 2009 година таа е пониска за 0,3 п.п..

**4.5. Бруто девизните резерви во јуни 2010 година изнесуваат 1.718,8 милиони евра и во однос на декември 2009 година се повисоки за речиси 121,1 милиони евра.**

## 5. Социјален сектор

**5.1. Во периодот јануари-август 2010 година, во Агенцијата за вработување на Република Македонија се регистрирани вкупно 148.146 засновани нови работни односи. Од вкупниот број нововработени, 37,5% се однесуваат на неопределено време, додека останатиот дел се однесуваат на определено време и вршење сезонски работи. Споредено со истиот период од минатата година се забележува намалување на бројот на засновани нови работни односи за 4,2%.**

Во текот на август засновани се 15.773 нови работни односи, од кои 21,3% се од евиденцијата на невработени. Одливот на лица од регистарот на Агенцијата за вработување на Република Македонија во август изнесува 9.386, од кои 35,5% претставуваат нови засновани работни односи. Како прилив во Агенцијата се регистрирани 7.459 лица, од кои 53% се лица на кои им престанал работниот однос.

**Резултатот е намалување на невработеноста за 1.927 лица, односно за 0,6% во однос на претходниот месец. Така, во август 2010 година бројот на невработени лица изнесува 326.154.**

Споредено со истиот месец од минатата година, бројот на невработени лица е намален за 4,8%.

Најголем дел од невработените, односно 66,3% се од урбани средини (градско население), додека 57,5% се мажи. Анализирано според степенот на

образование поголемиот дел, односно 52,8% од невработените се неквалификувани или полуквалификувани, додека само 7,8% имаат вишо или повисоко ниво на образование. Гледано според возрасните групи, најголемиот дел или 58,5% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 50,6% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 30,2% чекаат вработување 8 и повеќе години.

**5.2. Во август 2010 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 273.197 пензионери, што претставува зголемување од 0,02% во однос на истиот месец лани. Во однос на претходниот месец, бројот на корисници на пензија е зголемен за 388 лица.**

За исплата на пензии во август се потрошени 2.733,72 милиони денари, што претставува 51,3% од вкупните социјални трансфери во владиниот Буџет.




Во август 2010 година вредноста на просечната пензија изнесува 10.154 денари, што на годишно ниво претставува зголемување од 1,1%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јули 2010 година (последни расположиви податоци) изнесува 50%.




**5.3. Бројот на корисници на социјална парична помош во јули 2010 година (последни расположливи податоци) изнесува 50.483 домаќинства, што претставува намалување за 149 корисници во однос на претходниот месец.**

Притоа, за исплата на социјална парична помош се потрошени околу 122,2 милиони денари, односно 49,9% од исплатите за социјална помош по сите основи. За помош по основ на туѓа нега, во јули се потрошени околу 92,3 милиони денари за 21.530 лица, односно 37,7% од исплатите за социјална помош по сите основи. Како корисници на постојана парична помош, овој месец регистирани се 5.500 лица и за нив се потрошени 21,8 милиони денари, додека здравствена заштита користат 5.600 лица, за што се потрошени 8,3 милиони денари. Наведените расходи за социјална помош претставуваат 4,5% од вкупните реализирани социјални трансфери во јули.

**5.4. Просечната месечна нето плата во периодот јануари-јули 2010 година (последни расположиви податоци) споредена со истиот период од 2009 година бележи номинален раст од 2,7%, додека реално просечната плата е повисока за 1,8%.**

Во јули 2010 година просечната нето плата по вработен изнесуваше 20.299 денари. Просечната месечна нето плата во јули 2010 година споредена со истиот месец од 2009 година бележи номинален раст од 2,7%, додека реално просечната плата е повисока за 1,2%. Процентот на вработени кои не примиле плата во јули 2010 година изнесува 2,6%, и е понизок за 0,8 п.п. во однос на истиот период лани.

